## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА УЧЕБНО ПОМАГАЛО ПО ПРЕДМЕТОТ КОНЗУЛАРНО И ДИПЛОМАТСКО ПРАВО ОД Д-Р ЉУПЧО СОТИРОСКИ И ТАЊА ДОСТИНОВА-ЗАПРОВА

Со Одлука бр. 1602-87/10 од 2.4.2014 година, Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип на својата 99. Седница, одржана на 2.4.2014 година, ги избра рецензентите:

– проф. д-р Јован Ананиев - вонреден професор на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– доц. д-р Борка Тушевска – доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Согласно со предвидената постапка, Рецензентите изготвуваат и доставуваат писмен извештај (рецензија) за учебното помагало по предметот Конзуларно и дипломатско право од д-р Љупчо Сотироски, професор на Правниот факултет во Кочани при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и Тања Достинова-Запрова. Комисијата во горенаведениот состав, направи детална анализа и преглед на учебното помагало и го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Учебното помагало е од областа на дипломатско и конзуларно право. Концептот на трудот е составен од 10 (десет) глави и прилози во кои се содржани тематски единици. Во ова учебно помагало се користени релевантни извори коишто авторите на соодветен начин ги употребуваат при проучувањето на прашањата што се предмет на анализата.

Основниот текст на учебното помагало содржи поглавја кои во целост кореспондираат со Наставниот план и програма на Правниот факултет. Предметот за којшто е наменето учебното помагало се слуша во втора година, во трет семестар на правни студии и студии по новинарство, со неделен фонд 2+1+1 со 6 кредити.

Во првата глава од учебното помагало е направен краток осврт на историскиот развој, поим и предмет на изучување на дипломатијата. Со овој приказ се создава претстава за основите на дипломатијата и правото на уредување на дипломатијата набљудувано низ подолга историска дистанца. Во овој контекст особено внимание е посветено на глобализацијата и дипломатијата со осврт на Виенските конвенции и можноста за кумулација на функциите и организациските форми. На крајот од првиот дел се нагалсува исклучителната улога на меѓународните инструменти, особено Виенските конвенции, имунитетите и привилегиите на носителите на дипломатските функции.

Во втората глава логично се пристапува кон разработување на суштината на дипломатската организација и поставеност со нагласување на дипломатијата како професија. Се разбира формациската етаблираност кореспондира со одредени органи кои се предмет на посебни меѓународни односи разбрани во контекст на постојано практикување на дипломатијата поставена меѓу професионализам и политика. Во исто време, јасно е одвоена дипломатијата како вештина и неминовноста од употреба на соодветен дипломатски јазик со сите особености и карактеристики.

Третата глава од учебното помагало се однесува на дипломатската дејност и организација со нагласување на дипломатската кореспонденција, интерната дипломатска кореспонденција и документација за остварените резултати. Оваа состојба на бележење, евидентирање на достигнувањата е значаен инструмент во дипломатијата и уредувањето на правото.

Четвртата глава се однесува на реализацијата на дипломатските преговори, вклучувајќи ги фазите на подготовка и создавање предуслови за нормално надминување на постојните спротивности и состојби. Во овој контекст значајно место зазема мирното решавање на споровите.

Петтата глава обработува исклучително важен сегмент во дипломатијата, односно ја дефинира суштината на меѓународните договори и нивно склучување. Отсуството на договарањето во основа ја исклучува и можноста за достигнување на позитивни резултати во дипломатијата во целина.

Во шестата глава се елаборира  профилот на дипломатскиот персонал и формите на билатералната дипломатија како основно орудие за соработка, комуникација и достигнување на одредени цели и интереси.

Во седмата глава предмет на проучување се дипломатските претставници во амбасадите,  постапката за отворање дипломатска мисија,  значењето на агреманот. Преку ова, студентите имаат можност да ги совладаат основните концепти на дипломатската техничко-оперативна надлежност и функциуоналност, нагласувајќи ја суштината и улогата на  дипломатската мисија.

Во осмата глава предмет на елаборирање се дипломатските претставници во конзулатите, анализата на воспоставување конзуларни односи и отворање конзулат, надлежноста во хиерахијата, класи на шефови на конзулатот, постапката за именување и испраќање шефови на конзулати, привремен вршител на должност (жеран). Значајна анализа е направена во претставувањето на персоналот на конзулатот, редот на првенство и на крајот и престанокот на функцијата на конзуларниот персонал.  Во   оваа   смисла направен е обид за подлабоко анализирање на конзуларните функции, прекинот на конзуларни односи и функцијата на почесен конзул и значење на институцијата. во овој контекст разработен е и делот за специјалните  мисии (ad hoc diplomacy).

Во овој дел,  посветено е внимание на мултилатералната дипломатија, дипломатските претставници во мултилатерална дипломатија, мисиите на државите во меѓународни организации и нивната функција, меѓународни службеници и претставници на државите членки (персонал на меѓународни организации) и редот на првенство на меѓународните организации. Во институционална смисла јасно се разрботени функциите и улогата на организација на Организацијата на обединети нации, вклучувајќи ја и дипломатијата на врвот и нејзините особености. Во рамките на овој дел, особено внимнание е посветено на привилегиите и имунитетите на дипломатските претставници.

Во деветата глава станува збор за целите и задачите на дипломатските претставници и апострофирање на единствената аксиома за претставување на сопствената држава во светот. Во таа смисла јасна и недвосмислена е основната задача  насочена кон  заштита на интересите на владата и нејзините државјани. Остварувањето на одредени цели често бара употреба на одредени вештини, методи  на преговарање со владата на државата на прием и нејзината институционална инфраструктура,  како и потреба од постојано формално и неформално информирање и пред се силно промовирање на дипломасткаta функција во функција на допломасткото и конзуларно право.

На крајот, во десеттата глава направен е сумарен преглед на концептот на дипломатскиот протокол, хиерархијата,  својствата на почести и церемонијал, приеми и покани, ручеци и вечери,  распоред на седење на маса, потсетници, облека и слично. Оваа техничка описна компонента на дипломатијата игра исклучиетлна улога во денечната современа дипломатија на секоја земја, независно од нејзината големина и моќ.

Крајот завршува со приложени прилози и листа на кратенки и поими.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Материјалот што е анализиран и елабориран во учебното помагало во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Дипломатско и конзуларно право. Според начинот на елаборирање на материјата, ова учебно помагало ги исполнува сите пропишани стандарди, па оттука сметаме дека содржината на учебното помагало ќе биде од голема корист на студентите на Правниот факултет во совладувањето на методските единици во рамките на предметот Дипломатско и конзуларно право. Авторот и коавторот успеале на едноставен и концизен начин да ја сублимираат обемната материја што е предмет на изучување на Дипломатско и конзуларно право. Учебното помагало е квалитетен труд, што со оглед на значењето и интересноста на темата, како и значајните резултати од анализата на материјата ќе је разбуди љубопитноста на читателот. Земајќи го сето ова предвид, на мислење сме дека овој материјал ги исполнува сите стандарди на учебното помагало по предметот Дипломатско и конзуларно право, предвиден во Програмата за студентите од трета година на Правен факултет.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Јован Ананиев, вонреден професор, с.р.**
**Доц. д-р Борка Тушевска, доцент, с.р.**